Аллаховиот Пратеник кога се бањал по сексуален однос, прво ги миел рацете, потоа земал абдест како што се зема за намаз, потоа се капел

Од Аиша, мајката на верниците, радијаллаху анха, пренесено е дека кажала: Аллаховиот Пратеник кога се бањал по сексуален однос, прво ги миел рацете, потоа земал абдест како што се зема за намаз, потоа се капел и ја триел косата со раката, за да се увери дека кожата под неа е натопена. Трипати ја полевал со вода (косата и главата), а потоа го миел остатокот од телото. „Јас и Аллаховиот Пратеник, алејхи селам, се капевме употребувајќи еден сад од каде ја зафаќавме водата.“

[صحيح] [رواه البخاري]

Кога Аллаховиот пратеник, алејхи селам, се бањаше по интимен однос, започнуваше со миењето на рацете, потоа земаше абдест како што го прави тоа за намаз, па следни истураше вода врз телото. Со рацете поминуваше низ косата за да се увери дека водата навлегла до корените и ја допрела кожата. После тоа трипати ја поливаше главата со вода, па го миеше и останатиот дел од телото. Аиша, радијаллаху анха, кажала дека таа и Аллаховиот пратеник, алејхи селам, се бањале гусл заедно зафаќајќи вода од истиот сад.

https://sunnah.global/hadeeth/mk/show/3316

النجاة الخيرية
ALNAJAT CHARITY
لجنة الدعوة الإلكترونية
EDC E-Da'wah Committee